Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 182/0306
09.04 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31 март 2021 година, врз основа на примена жалба од Јелмаз Дервиши, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Интернет – порталот „Експрес.мк“, со текстот насловен „Тасевски за „ненамерната грешка“ со боите во спотот на Гарванлиев: Не сме идиоти!“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 март 2021 година, Јелмаз Дервиши, во име на тимот за односи со јавност на годинешниот македонски претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев, поднесе жалба за текстот со наслов „Тасевски за „ненамерната грешка“ со боите во спотот на Гарванлиев: Не сме идиоти!“, објавен на 13 март 2021 година, на интернет – порталот „Експрес“ (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

Подносителот на жалбата вели дека медиумот не обезбедил јавен став од вклучените чинители и оти не е извршена соодветна проверка на изворот на информациите и фактите.

Од тимот на Гарванлиев, меѓу другото, посочуваат дека со ваков тип на спорни содржини се нарушува личниот интегритет, имиџ и творештво на Гарванлиев, како и на неговото семејство. Поради горенаведеното, подносителот на претставката Јелмаз Дервиши, бара повлекување на спорната содржина и јавно извинување, поради, како што потенцира, пристрасното и непрофесионално известување во врска со делото и учеството на Васил Гарванлиев на Евросонг 2021.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Експрес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата во оспорениот текст не констатираше неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, дискриминација и мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 10 и 13, на кои упатува жалителот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 31 март 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој дословно пренесува фејсбук статус на македонски актер, кој изнесува лични ставови поврзани со евровизискиот видео спот на македонскиот претставник на Евросонг 2021, Васил Гарванлиев. Статусот на актерот Сашо Тасевски е пренесен интегрално и без никакви интервенции од страна на „Ескпрес.мк“, кои би упатувале на евентуална тенденциозност кај медиумот.

Комисијата смета дека пренесувањето на ставовите на јавните личности, колку и тие да се контроверзни, се дозволени во новинарската професија, особено ако се работи за луѓе кои можат да бидат релевантни за одредени теми и чии искажани ставови не содржат навредлив јазик, дискриминација и говор на омраза. Во случајов, Комисијата оцени дека ставовите на актерот Тасевски, како етаблирана јавна личност од сферата на културата, можат да се сметаат за релевантни.

Став на Комисијата е дека објавената содржина произлегува од јавниот интерес и дека јавните личности, во случајов, македонскиот претставник на Евросонг, не смеат да бидат изземени од прашања за кои јавноста има право да биде информирана. Јавните личности треба да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на постојан јавен надзор и потенцијално силна јавна критика за нивната работа. Се работи за официјален претставник на држава на меѓународна манифестација и затоа, тој треба да биде свесен дека границите на прифатлива критика се пошироки во однос на него, исто како и степенот на толеранција кој треба да го покаже во однос на евентуалните јавни критики.

Во овој контекст, Комисијата најде дека оспорениот текст на „Експрес.мк“ не излегува од начелата на Кодексот на новинарите, пред сѐ, поради фактот дека е пренесен став на познат актер, чии мислења можат да се сметаат за релевантни и да влијаат во обликувањето на јавното мислење.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Експрес.мк“ (www.expres.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595